ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач : в.д. Градоначалник на
Општина Аеродром
Дејан Митески

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА 2024 ГОДИНА

**февруари 2025 година**

**Содржина:**


- **Вовед**
- **Годишна сметка/наративен дел**
- **Извештај за средствата, побарувањата , обврските и изворите на средствата и нивната вредност**
- **Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациии дотациите за делегирани надлежности**
- **Извештај за користење на средства од резервите**
- **Извештај од одговорниот сметководител**
- **Прилози**
  **- Биланси на приходи и расходи**

## 1. Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општината

Според пописот од 2021 година, вкупниот број на жители во Општина Аеродром е 77 735 жители.

Општина Аеродром се простира на површина од 20 км² и тоа: урбан дел 10,4 км² или 60%, рурално земјиште 9,6 км² или 40%. Општината е составена од седум населби и тоа: Мичурин, Аеродром, Јане Сандански, Лисиче, Ново Лисиче, Регионален центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.

Граници на општината: од мостот на железничката пруга на р. Вардар – тромеѓе на Општина Аеродром, Центар и Гази Баба и се движи долж Транспортен центар „Скопје”, железничката пруга во правец кон Велес до мостот Маркова река, продолжува по надворешната граница на катастарска општина Долно Лисиче до р.Вардар и свртува спротивно до мостот на железничката пруга на р.Вардар.

### 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Општината

**Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година** со бр.09-515/4 од 02.01.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.1/24 од 02.01.2024 година), е изгласан на Советот на Општина Аеродром на 37-та седница одржана на 29.12.2023 година.

Во текот на 2024 година усвоени се следните измени и дополнувања на буџетот на општината: Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-16/5 од 01.02.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.03/24 од 01.02.2024 година), Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-42/9 од 09.02.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.04/24 од 09.02.2024 година), како и Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-155/2 од 19.06.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.13/24 од 19.06.2024 година), Одлука за измени и дополнувања (Ребаланс)

на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-188/24 од 16.07.2024 (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.14/24 од 16.07.2024 година), Одлука за измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-304/2 од 25.10.2024 (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.24/24 од 25.10.2024 година), Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-357/6 од 29.11.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.28/24 од 29.11.2024 година), Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-357/10 од 29.11.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.28/24 од 29.11.2024 година), како и Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-372/2 од 12.12.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.29/24 од 12.12.2024 година).

**Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година** со број 09-515/2 од 02.01.2024 година, е усвоена на Советот на Општина Аеродром на 37-та седница одржана на 29.12.2023 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.1/24 од 02.01.2024 година).

Во текот на годината изгласана е Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, број 09-42/10 од 09.02.2024 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.04/2024), како и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, број 09-188/20 од 16.07.2024 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.14/2024).

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

**Вкупно реализираните приходи** по разни основи за 2024 година изнесуваат 1.190.306.236 денари, што претставува вкупна реализација на приходи во буџетот на општината од 85,4%, во однос на планираните 1.394.207.000 денари.

Во рамките на **основниот буџет** на општината, вкупните реализирани приходи во 2024 година изнесуваат 506.855.445 денари, кои во однос на планираните 679.132.000 денари претставуваат 74,6% реализација. Во истите, даночните приходи учествуваат со износ од 342.151.082 денари, неданочните приходи учествуваат со износ од 3.911.476 денари, капиталните приходи учествуваат со износ од 13.270.353 денари, додека трансфери и донации учествуваат со износ од 147.522.534 денари (вклучително реализираниот износ од 100.991.738 денари од пренесениот вишок на приходи од минатата година).

**Табела бр.1**: На сметката **основен буџет** на Општина Аеродром за 2024 година, планирани се и реализирани следните приходи:

| | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **679.132.000** | **506.855.445** |
| **71** | **Даночни приходи** | **400.497.000** | **342.151.082** |
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 40.790.000 | 62.046.111 |
| 713 | Даноци на имот | 119.500.000 | 134.050.341 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 240.097.000 | 145.519.551 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 110.000 | 535.079 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **6.900.000** | **3.911.476** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 800.000 | 704.195 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.700.000 | 1.164.673 |
| 724 | Други владини услуги | 0 | 6.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 4.400.000 | 2.036.608 |
| **73** | **Капитални приходи** | **5.160.000** | **13.270.353** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематер. вложув. | 5.160.000 | 13.270.353 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **266.575.000** | **147.522.534** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 266.575.000 | 147.522.534 |

Од компаративниот преглед на одделните категории на приходи во колоната основен буџет, врз основ на нивниот план и нивната остварена реализација, може да се согледа односот на планираните приходи со соодветна реализација на истите.

**Графикон бр.1**: Компарација помеѓу планираните и реализирани приходи за 2024 година во делот на **основен буџет** на Општина Аеродром:




Вкупните реализирани приходи во делот на **блок дотациите** за 2024 година изнесуваат 611.464.689 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 14.225 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 99,86% во однос на планираните приходи.

Во делот на **донациите** вкупните реализирани приходи за 2024 година изнесуваат 15.664.621 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 6.927.815 денари од пренесените приходи од минатата година).

Вкупните реализирани приходи од **самофинансирачките активности** на буџетските корисници на општината изнесуваат 56.321.481 денари, (вклучително реализираниот дел во износ од 1.449.876 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 68,4% во однос на планираните приходи.

Во следната табела е прикажано учеството на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи во консолидираниот буџет на Општина Аеродром за 2024 година, и тоа реализирани приходи во делот на основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности, како и делот кој се однесува на донациите.

**Табела бр.2**: Учество на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи на буџетот на Општина Аеродром за 2024 година:

| **Вкупно реализирани приходи по сметки** | **1.394.207.000** | **1.190.306.236** |
|---|---|---|
| **Основен буџет** | **679.132.000** | **506.855.445** |
| **Блок дотации** | **612.301.000** | **611.464.689** |
| **Донации** | **20.480.000** | **15.664.621** |
| **Самофинансирачки активности** | **82.294.000** | **56.321.481** |

### 2.2. Расходи на Општината

**Вкупните реализирани расходи** на Општина Аеродром за 2024 година изнесуваат 1.190.306.236 денари, што претставува 85,4% реализација во однос на вкупно планираните расходи.

Во делот на **основен буџет** реализираните расходи изнесуваат 506.855.445 денари, односно 74,6% реализација од планираните расходи во износ од 679.132.000 денари.

**Табела бр.3**: На сметката **основен буџет** на Општина Аеродром за 2024 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **план**<br>**679.132.000** | **реализација**<br>**506.855.445** |
|---|---|---|---|
| | **Плати наемнини и надоместоци** | **107.637.000** | **104.406.328** |
| 401 | Основни плати | 65.302.000 | 63.087.695 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 25.185.000 | 24.169.971 |
| 404 | Надоместоци | 17.150.000 | 17.148.662 |
| | **Резерви и недефинирани расходи** | **2.300.000** | **36.714** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.200.000 | 0 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 1.100.000 | 36.714 |
| | **Стоки и  услуги** | **191.421.000** | **155.456.753** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 262.000 | 107.658 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 34.748.000 | 21.479.904 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 25.323.000 | 21.648.074 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 85.290.000 | 76.457.880 |
| 425 | Договорни услуги | 28.901.000 | 21.335.931 |
| 426 | Други тековни расходи | 6.297.000 | 4.386.728 |
| 427 | Привремени вработувања | 10.600.000 | 10.040.578 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Субвенции и трансфери** | **115.844.000** | **105.816.854** |
| 463 | Трансфери до невладини огранизации | 15.200.000 | 15.200.000 |
| 464 | Разни трансфери | 100.644.000 | 90.616.854 |
| | **Капитални расходи** | **261.930.000** | **141.138.796** |
| 480 | Купување опрема и машини | 8.024.000 | 7.899.432 |
| 482 | Други градежни објекти | 253.286.000 | 133.083.439 |
| 483 | Купување мебел | 20.000 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 600.000 | 155.925 |

Компаративен однос на одделните категории на расходи во делот на **основен буџет**, врз основ на нивниот план и нивата остварена реализација, може да се согледа во следниот графикон:

**Графикон бр.2**: Компарација помеѓу планираните и реализирани расходи за 2024 година во делот на **основен буџет** на Општина Аеродром:




Во делот на **блок дотациите**, вкупната реализација која се однесува на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром вкупно изнесува 611.464.689 денари, што претставува реализација од 99,86% во однос на планираните расходи во износ од 612.301.000 денари.

**Табела бр.4**: На сметката **блок дотација** на Општина Аеродром за 2024 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| План - реализација на расходи - блок дотации | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | | **612.301.160** | **611.464.689** |
| **40** | **Плати наемнини и надоместоци** | **576.789.000** | **576.383.710** |
| 401 | Основни плати | 412.461.000 | 412.216.187 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 160.018.000 | 159.883.763 |
| 404 | Надоместоци | 4.310.000 | 4.283.760 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **35.512.160** | **35.080.979** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 15.860.000 | 15.560.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 185.160 | 183.160 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 210.000 | 209.681 |
| 425 | Договорни услуги | 1.607.000 | 1.478.428 |
| 426 | Други тековни расходи | 75.000 | 74.710 |
| 427 | Привремени вработувања | 17.575.000 | 17.575.000 |

Реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачките активности** изнесува 56.321.481 денари, што претставува реализација од 68,4% во однос на планираните расходи во износ од 82.294.000 денари.

**Табела бр.5**: На сметката **самофинансирачки активности** на Општина Аеродром за 2024 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| План - реализација на расходи - самофин. активности | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | | **82.294.000** | **56.321.481** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **74.569.000** | **51.044.641** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 947.000 | 413.770 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 7.769.000 | 6.491.735 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 40.763.000 | 27.718.131 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 13.550.000 | 9.180.162 |
| 425 | Договорни услуги | 6.712.000 | 5.540.812 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.728.000 | 1.617.930 |
| 427 | Привремени вработувања | 2.100.000 | 82.101 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **600.000** | **0** |
| 464 | Разни трансфери | 600.000 | 0 |
| **48** | **Капитални расходи** | **7.125.000** | **5.276.840** |
| 480 | Купување опрема и машини | 3.810.000 | 2.340.742 |
| 483 | Купување мебел | 3.315.000 | 2.936.098 |

Во делот на **донациите** вкупните реализирани расходи за 2024 година изнесуваат 15.664.621 денари, што претставува реализација од 76,5% во однос на планираните расходи во износ од 20.480.000 денари.

**Табела бр.6**: На сметката **донациите** на Општина Аеродром за 2024 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| | **Вкупни расходи - донации** | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **20.480.000** | **15.664.621** |
| | **Стоки и услуги** | **12.371.000** | **8.163.779** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 3.026.000 | 2.147.869 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 229.000 | 44.400 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 563.000 | 562.612 |
| 425 | Договорни услуги | 6.221.000 | 4.144.304 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.332.000 | 1.264.594 |
| | **Субвенции и трансфери** | **2.117.000** | **1.930.031** |
| 463 | Трансфери до невладини огранизации | 1.241.000 | 1.226.817 |
| 464 | Разни трансфери | 876.000 | 703.214 |
| | **Капитални расходи** | **5.992.000** | **5.570.811** |
| 480 | Купување опрема и машини | 5.693.000 | 5.567.491 |
| 482 | Други градежни објекти | 4.000 | 3.320 |
| 486 | Купување на возила | 295.000,0 | 0,0 |

**Вкупните реализирани расходи** по одделни сметки во рамки на консолидираниот буџет на Општина Аеродром за 2024 година се претставени во следната табела:

**Табела бр.7**: План - реализација по сметки на буџетот на Општина Аеродром за 2024 година:

| **Вкупен план - реализација на расходи** | **план** | **реализација** |
|---|---|---|
| | **1.394.207.000** | **1.190.306.236** |
| **Основен буџет** | **679.132.000** | **506.855.445** |
| **Блок дотации** | **612.301.000** | **611.464.689** |
| **Самофинансирачки активности** | **82.294.000** | **56.321.481** |
| **Донации** | **20.480.000** | **15.664.621** |

**Графикон бр.3**: Компарација помеѓу планирани и реализирани расходи во 2024 година **по сметки на буџетот** на Општина Аеродром:



**3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност**

Согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, единиците на локална самоуправа на крајот од фискалната година се должни да изготват годишна сметка и тоа посебно за секоја сметка.

Градоначалникот ја доставува годишната сметка за изминатата година до Советот на општината, најдоцна до 28 февруари во тековната година. Составен дел на годишната сметка се и податоците за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата чии што износи поединечно се следниве:

3.1 Побарувањата на Општина Аеродром за 2024 година изнесуваат 107.033.301,00 денари, од кои најголем дел се однесуваат на побарувања од надоместок за градежно земјиште, комунална такса за фирмарина, побарувања за данок на имот од физички лица, побарувања по основ на данок на имот од правни лица, и побарувања по основ издавање киоск под закуп;

3.2 Обврските на Општина Аеродром за 2024 година изнесуваат 51.485.652,00 денари, од кои најголемиот дел се однесуваат за обврски за градежни работи кои се изведуваат на територијата на општината, обврски за ДДВ по ситуации за изведени градежни работи во четвртиот квартал од 2024 година, како и обврски пристигнати при крајот на месец декември кои поради краткиот временски период за исплата се пренесени како обврски за наредната година. Овие обврски ги содржат и платите на вработените, надоместоците за советниците за 12 месец кои се исплаќаат во месец јануари;

3.3 Изворите на средства на Општина Аеродром за 2024 година, вклучително пренесените приходи од минатата 2023 година, изнесуваат 540.219.707,00 денари, од кои најголемиот дел се однесува на даночните приходи и трансфери;

3.4 Основни средства на Општина Аеродром за 2024 година изнесуваат 1.943.107.221,00 денари кои се однесуваат на целокупната опрема која ја поседува Општина Аеродром.

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности**

Реализацијата на инвестиционите програми во буџетот на Општина Аеродром за 2024 година е во директна релација со капиталните расходи на повеќе програми и потпрограми.

Вкупните реализирани капитални расходи за 2024 година изнесуваат 151.986.447 денари, од кои најголем дел во износ од 141.138.796 денари се однесуваат на делот на **основен буџет** на општината, а останатите капитални расходи се однесуваат на колоните **самофинансирачки активности** и **донации**.

Во рамките на **надлежноста Е - Општинска администрација**, **програма ЕА – Капитални расходи на општината**, во капитални расходи за 2024 година, реализирани се вкупно 252.836 денари, во најголем дел наменети за набавка на антивирусен софтвер за општината.

Во **надлежноста Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот**, вкупните реализирани капитални расходи за 2024 година изнесуваат 6.535.803 денари, и истите се однесуваат на **програмата ФА - Капитални расходи за уредување на градежно земјиште.** Најголем дел од нив се однесуваат на подготовка на основни проекти за комунална инфраструктура, ревизија на истите, подготовка на геодетски елаборати, изведба на улици, паркинзи и слично, како и стручен надзор над изведбата на територија на општината.

Во **надлежноста Г - Локален економски развој**, реализацијата на капиталните расходи во 2024 година во рамки на **Програмата ГА - Изградба на објекти,** вкупно изнесува 4.697.491 денари. Реализацијата се однесува на **колона донации**, средства наменети за проектот ко-финансиран од Европската Унија, насловен "Clean AirDrom - zero solid waste in Municipality of Aerodrom".

Во рамките на **надлежноста Ј – Комунални дејности**, во делот на капиталните расходи, вкупната реализација изнесува 14.195.911 денари, која се однесува на **колоната основен буџет,** и тоа: Програма ЈА - Изградба на јавно осветлување во износ од 56.498 денари, Програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во износ од 3.608.786 денари, Програма ЈЕ - Изградба на простор за паркирање во износ од 4.106 денари. Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација во износ од 970.297 денари, Програма ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување со р-ја од 207.087 денари, Програма ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 28.131 денари, како и Програма ЈН - Капитални расходи за урбана опрема во износ од 9.321.006 денари.

Во рамките на **надлежноста Н - Основно образование, програма НА - Капитални расходи за основно образование**, вкупната реализацијата на капитални расходи изнесува 75.775.949 денари, од кои најголем дел се однесуваат на колоната **основен буџет** во вкупен износ од 74.363.749 денари. Истите се наменети за изготвување на геодетски елаборати, изведба – доградба на објектот на „ООУ Блаже Конески“, набавка на информатичка опрема - таблети за учениците и слично. Дел од капиталните расходи во износ од 542.200 денари се однесува на колоната **самофинансирачки активности**, а дел во износ од 870.000 денари се однесува на колоната **донации**.

Во вкупната реализацијата на расходи, во **надлежноста В - Социјална заштита и заштита на децата**, **програма ВА - Капитални расходи за детски градинки**, капиталните расходи учествуваат со вкупен износ од 50.229.204 денари. Од нив, во колоната **основен буџет,** реализацијата изнесува 45.494.564 денари, која се однесува на доградба на објект Изворче - ЈДГОА Срничка, како и стручен надзор над истата. Останатиот износ од 4.734.640 денари се однесува на колоната **самофинансирачки активности**.

Во рамките на **надлежноста Р – Заштита на животна средина и природа, програма РА – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа**, капиталните расходи учествуваат со износ од 299.253 денари и истите се однесуваат на средства за стручен надзор на набавка на

садници во општината, подготовка на проекти, како и средства од донација за реконструкција на осветлување и електротехнички инсталации во „ООУ Лазо Ангеловски“ – Општина Аеродром.

**Во текот на 2024 година во делот на надлежностите на Одделението за комунални работи и животна средина реализирани се следниве активности:**

Детско игралиште на раскрсницата меѓу булевар Србија и булевар Видое Смилевски Бато



Детско игралише на ул. Пандил Шишков зад згради 1,3 и 5



Детско игралиште до месната заедница во населба Долно Лисиче



Детско игралиште на булевар Србија спроти православниот Крст



Детско и спортско игралиште на ул.Тодор Чангов број 44





**Во делот за заштита на животна средина и природа за 2024 година реализирани се следниве активност:**

1. **<u>Изработка на Локален еколошки акционен план (2024-2030)</u>**

Изработен е третиот Локалниот акционен план за животна средина-**ЛЕАП (2024-2030)** кој преставува највисок стратешки документ од локално значење за заштита и унапредување на животната средина, кој има за цел да ја оцени моменталната состојба на животната средина во повеќе тематски области, да ги идентификува еколошките проблеми, предложи мерки и активности за нивно неутрализирање и решавање, направи приоритизација за решавање на проблемите, како и имплементација на предложените мерки и активности. Општина Аеродром досега има изработено два ЛЕАП-и.

Вкупно одвоен буџет за изработка на ЛЕАП е 295.000,00 денари.




2. **<u>ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ (16.09 - 22.09.2024 год.)</u>**

Голем број на активности се спроведени во сите општински основни училишта и градинки од 16.09.2024година до 22.09.2024година. Завршниот настан беше организиран на дел од улицата Васко Карангелески која беше затворена за сообраќај и на истата се одржаа маалски игри поддржани од Гоу

грин, Центар за климатски промени, Нула отпад, Републички совет за безбедност на сообраќајот на Град Скопје, Мацедониан Бајк Рајдер, Пензионерското здружение „Солидарност“, децата од градинката клон Бамби – Срничка, учениците од ООУ „Љубен Лапе“ и ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, шахисти и Еко Пак.

Целта на оваа активност е поголем отворен простор за детски игри, а не за автомобили.







### 3. Собирање на електронски и е-отпад

Општина Аеродром во соработка со Друштвото за управување со отпад „Нула отпад“ врз основа на потпишан Договор за собирање електронски и електричен отпад, со кој на граѓаните и правните субјекти им овозможува бесплатно да се ослободат од опасниот отпад од прагот на нивните домови/компании преку вртење на еко бројот 023256309. Услугата е бесплатна, а единствено што е потребно е уредите да се на достапно место за преземање и да се исклучени од вода и струја.



Во насока на јакнење на јавната свест за заштита на природата и здрављето на луѓето уште од најмала возраст со децата од општинските градинки и учениците од општинските училишта во текот на годината се организирани голем број еко акции меѓу кој и **„ЕКО ПАРАДА Е-КАПИТОЛИЈАДА”** во соработка со Капитол Мол и Општина Аеродром (април 2024година) која прерасна во традиционален настан и се одржува секоја год.

### 4. ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД

Трета година по ред општината преку активности во дел од општинските основни училишта и градинки зема активно учество во **ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД** Масовна акција за чистење на животната средина, но и подигнување на свеста за соодветно одлагање и управување на отпадот.

Главна цел на акцијата е примарна селекција на хартија и пластика.

Активноста е реализирана во текот на месец мај 2024 година.



5. **<u>Селектирање и собирање на стаклена амбалажа</u>**

Во соработка со Друштвото за едукација и консалтинг „Рециклиа“-Скопје се поставуваат канти за собирање на стакло во правните субјекти на територијата на општината, а се со цел намалување на стаклената неповратна амбалажа. Организација и реализација на еколошки проект за едукација и подигање на екосвеста и навиката за селектирање на стаклена неповратна амбалажа.

Активноста е реализирана во текот на целата 2024 година.

**<u>6. Настани за бесплатно сервисирање на велосипеди во соработка со Друштво за друмски и планински велосипедизам „Мацедониан Бајк Рајдерс“</u>**

Во месец април се одржаа два настани за сервисирање на велосипеди за граѓаните на општината Аеродром и тоа во Паркот Авионче и пред ТЦ Капитол. На настаните беа сервисирани велосипедите на граѓаните и истите беа едуцирани на кој начин да се грижат за своите велосипеди.

Со оваа активност се промовираше мобилноста, и беше потенцирано тоа дека со користење на велосипедите како превозно средство ќе ја заштитиме животната средина и нашето здравје.



## Реализирани активности во 2024 година –
## Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови

Во делот на изработка и донесување/одобрување урбанистичка планска документација и друга урбанистичка проектна документација во текот на 2024 година реализирано е следното:

1. Детални урбанистички планови - прифатени/одобрени иницијативи

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Бр. 18-920/1 од 12.03.2024 год. | Измена и дополна на ДУП за градска четврт И17, блок И17.03 | Акустик ДОО увоз-извоз, Скопје Мега ДОО увоз-извоз, Куманово | Прифатена (18-920/2 од 09.05.2024 год.) | Приватна иницијатива |
| Бр. 18-2784/3 од 26.11.2024 год. | Дополна на иницијатива за ДУП И09 Нова Железничка Станица, Општина Центар, Општина Аеродром | ИУСЕ ИН-ПУМА ДОО Скопје | Прифатена (бр.18-2784/4 од 05.12.2024) | Приватна иницијатива |

2. Детални урбанистички планови одобрени плански/проектни програми:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 62626 Бр. 18-1988/1 од 05.06.2024 год. | Планска програма за измена и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт И17 блок И17.03 | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Одобрена (бр. 18-1988/2 од 19.07.2024 год) | Приватна иницијатива |
| 58159 Бр. 18 -14/1 од 02.01.2024 год. | Планска програма за ДУП за градска Четврт И16, Блок И16.11, Општина Аеродром, Скопје | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Одобрена (бр. 18-14/8 од 03.10.2024 год) | Приватна иницијатива |

3. Детални урбанистички планови завршени постапки за донесување:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус (бр.на одлука) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 40456 Бр. 18 - 45/1 од 10.01.2022 год. | Детален Урбанистички План за Градска Четврт И16 блок И16.03, Општина Аеродром-Скопје | ИУСЕ ИН-ПУМА ДОО Скопје | Донесен план 09-515/20 од 02.01.2024 год. | Општина Аеродром |
| 34800 Бр. 18-842/1 од 30.03.2021 год. | Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт И11 блок И11.12, Општина Аеродром, Скопје | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје | Донесен план 09-16/16 од 01.02.2024 год. | Општина Аеродром |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34665 Бр. 18-771/1 од 22.03.2021 год. | Детален урбанистички план за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром, Скопје | ДПТУ ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола | Донесен план 09-127/6 од 30.05.2024 год | Општина Аеродром |
| 25896 Бр. 18-4567/1 | Детален урбанистички план за градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба, Општина Аеродром, Скопје | ДПТУ ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола | Донесен план 09-58/2 од 17.02.2024 год. | Општина Аеродром |
| 30721 Бр. 18 - 1693/1 од 07.07.2020 год. | Детален урбанистички план за градска четврт ЈИ 09 блок 09.01 | ДППИ ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје | Донесен план 09-127/3 од 30.05.2024 год. | Општина Аеродром |
| 30731 Бр. 18-1696/1 од 07.07.2020 год. | Детален урбанистички план за градска четврт И 12 блок 12.03 | ДПТУ ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола | Донесен план 09-270/14 од 30.09.2024 год. | Општина Аеродром |
| 11189 (18-2468/1 од 20.06.2017 год.) | Детален урбанистички план за градска четврт И 09 Нова Железничка Станица, Општина Центар, Општина Аеродром | ИУСЕ ИН-ПУМА ДОО Скопје | Донесен план 09-270/13 од 30.09.2024 год. | Општина Аеродром, Општина Центар |

4. Урбанистички проекти прифатени/одобрени иницијативи

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 18-1578/1 19.04.2024 | УП вон опфат на урбанистички план со намена Г.2.1 КП 3544/1/2,КП 3546,КП3546/1/2 | А-М стил ДОО Скопје | Прифатена | Приватна иницијатива |
| 18-1647/1 26.04.2024 | УП со план за парцелацијаза ГП 2.2 ДУП Црква В" | Архитектор дооел | Одбиена | Приватна иницијатива |
| 18-1954/1 31.05.2024 | УП вон опфат на урбанистички план со намена Г2 на кп 903/1 Ко Долно Лисиче – Вон Град Општина Аеродром | Јани Нашевски | Прифатена | Приватна иницијатива |
| 18-2072/1 14.06.2024 | Уп вон опфат на урбанистички план КП2668/1 и КП 2668/2 Ко Горно Лисиче вгр | Орнамакс дооел | Прифатена | Приватна иницијатива |
| 18-2682/1 19.09.2024 | Уп вон опфат на урбанистички план со намена Г„ КП 1200/2 и | План Дизајн ДОО Скопје | Прифатена | Приватна иницијатива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | КП 1200/1 | | | |
| 18-2848/1<br>14.10.2024 | Урбанистички проект за план на парцелација заво опфатот на Измена и дополна на ДУП за нас.Лисичебараки УБ 2,ОА -градинка | Општина Аеродром образвание | Прифатена | Приватна иницијатива |
| 18-2794/1<br>03.10.2024 | УП вон опфат на урбанистички план со намена<br>Г2 лесна преработувачка и помалку загадувачка индрустирја<br>кп 2844 Ко Горно Лисиче вгр | План Дизајн ДОО СКопје | Прифатена | Приватна иницијатива |

5. Урбанистички проекти одобрени плански/проектни програми:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 18-2177/1<br>13.09.2023 | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 2753,2754 и 2755/1 , Ко Горно Лисиче вон град, Општина Аеродром-Скопје | ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје | Одобрена 2024 | Приватна иницијати ва |
| 23-2768/1<br>22.12.2023 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат со намена Е1.1-Сообраќајни патни инфраструктури, од локален пат Горно и Долно Лисиче до КП 816, КО Долно Лисиче-вгр, Општина Аеродром | ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес | Одобрена 2024 | Приватна иницијати ва |
| 18-2158/1<br>01.07.2024 | Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 1209/2 КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром | ДПУ ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје | Одобрена | Приватна иницијати ва |

6. Урбанистички проекти завршени постапки за донесување:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 18-1067/1 25.03.2022 | УП за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за имплементација на FTTH мрежа за подрачје Тодор Чангов и Г. Лисиче | ДГТУ ГЕО БАЛКАН увоз-извоз ДООЕЛ Битола | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 18-1699/1 13.07.2023 | УП за градежно земјиште за општа употреба – урбано парковско зеленило на КП БР.1734/28, КО Кисела Вода 2, во блок ји о3.01 од регулациски план на четврт ЈИ 03, Општина Аеродром - Скопје | ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 18-865/1 07.03.2024 | Урбанистички проект за разработка на урбанистички план за село Долно Лисиче за формирање градежна парцела со намена Г2.2 на дел од КП 921/1 и дел од КП 921/2, КО Долно Лисиче ВГР, Општина Аеродром | Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 18-327/1 28.01.2022 | УП вон опфат на урбанистички план со намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на дел од КП 3661/2, КО Г. Лисиче-вгр, | ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 18-2517/1 24.08.2022 | УП вон опфат на урбанистички план со намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на дел од КП 816, КО Г. Лисиче-вгр, | ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес | Одобрена | Приватна иницијатива |

7. Завршени постапки за одобрување прекопи на јавни површини заради поставување инфраструктура:

10 согласности за вршење на прекоп

8. Во текот на 2024 година изработени и издадени се:

663 Изводи од урбанистичка планска документација
200 Уверенија за катастарска парцела
466 Известувања за карактер на земјиште

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ, КУЛТУРА И ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2024 година

## I. ОБРАЗОВАНИЕ

Од областа на образованието, во текот на 2024 година, Општина Аеродром ги спроведе следните мерки и активности:

1. Обезбедување на објектите на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром;
2. Дополнителни средства за тековно работење и одржување на училиштата, средства за договорни услуги и привремени вработувања во основните училишта;
3. Еднократен паричен надомест за секое прваче во учебната 2024/2025 година во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
4. Еднократна парична награда за најдобар ученик на генерација од секое основно училиште во Општина Аеродром;
5. Еднократна парична награда за најдобар наставник/стручен соработник од секое основно училиште во Општина Аеродром
6. Набавка на училишна облека за сите ученици во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
7. Парична помош за надомест на патни трошоци на ученици со попреченост;
8. Одржување на објектите на основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
9. Набавка на таблети за основните училишта;
10. Доградба на ООУ „Блаже Конески“

## II. СПОРТ

Од областа на спортот во 2024 година, се реализирани следниве мерки и активности:

1. Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на Општината од страна на здруженија на граѓани:
   - Финансиска поддршка на Здружение за развој и иновации за поздрав живот АРЕОЛА
2. Поддршка на истакнати спортски клубови кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно, како и на меѓународно ниво:
   - Финансиска поддршка на Кошаркарски клуб МЗТ Скопје - Аеродром
3. Поддршка на училиштен спорт
   - Финансиска поддршка на Општински сојуз на училиштен спорт Аеродром (ОСУСА)-Скопје

## III. КУЛТУРА

Општина Аеродром, со цел да обезбеди поддршка на културата, во текот на 2024 година ги спроведе следните активности:

1. Спонзорство на Здружение за традиционално организирање на Илинденски марш 1978 од Горно Лисиче, за поддршка на коњаници кои

патуваат до Крушево и на 2-ри август учествуваат на прославата на празникот Илинден;
2. Спонзорство на Национална установа Театар Комедија – Скопје за реализација на Меѓународен фестивал на комедијата „Гола Месечина“ којшто се реализираше на отворена сцена поставена во паркот „Авиончe“, со бесплатни претстави за граѓаните;
3. Одбележување на 152-годишнината од раѓањето на македонскиот револуционер Јане Сандански со положување свежо цвеќе на спомен-обележјето Јане Сандански во истоимениот парк;
4. Одбележување на 17-годишнината од загинувањето на граничен полицаец Игор Драганов, со положување свежо цвеќе на спомен-обележјето подигнато во негова чест во Долно Лисиче.

## IV. СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

Од областа на социјалната и детската заштита, во текот на 2024 година, реализирани се следните мерки и активности:

1. Доделување на еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром;
2. Доделување на еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, за лицата вработени во општината, општинските буџетски корисници и нивните семејства;
3. Детска заштита: јавни установи - детски градинки:

- Финансиска помош и поддршка за наставно-образовни помагала и средства за хигиена,
- финансиска помош и поддршка за привремени вработувања и други оперативни расходи во детските градинки,
- Обезбедување финансиски средства за обезбедување и мониторинг на објектите на детските градинки на територијата на Општина Аеродром,
- Обезбедување финансиски средства за одржување на објектите на детски градинки,
- Обезбедување финансиски средства за доградба и надградба на детска градинка - објект Изворче, ЈДГОА Срничка и надзор над изградбата.

## V. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА

Од областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра, во текот на 2024 година, реализирани се следните мерки и активности:

1. Еднократна парична помош за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на подрачјето на Општина Аеродром

   - Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Георги Јолевски и
   - Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Владо Велковски.

**5. Извештај за користењето на средствата од резерви**

Од средствата во буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, кои се однесуваат на резервите, остварена е вкупна реализација од 36.714 денари. Истата се однесува на **програма Д0 – Градоначалник**, ставка - Тековни резерви (разновидни расходи), исплатена во износ од 36.714 денари во вид на парична помош за боледување подолго од шест месеци на вработените во општината и општинските буџетските корисници.

**6. Извештај од одговорниот сметководител**

**Вкупно реализираните приходи** по разни основи за 2024 година изнесуваат 1.190.306.236 денари, што претставува вкупна реализација на приходи во буџетот на општината од 85,4%, во однос на планираните 1.394.207.000 денари.

Во рамките на **основниот буџет** на општината, вкупните реализирани приходи во 2024 година изнесуваат 506.855.445 денари (вклучително реализираниот износ од 100.991.738 денари од пренесениот вишок на приходи од минатата година). Во делот на **донациите** вкупните реализирани приходи за 2024 година изнесуваат 15.664.621 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 6.927.815 денари од пренесените приходи од минатата година). Вкупните реализирани приходи од **самофинансирачките активности** на буџетските корисници на општината изнесуваат 56.321.481 денари, (вклучително реализираниот дел во износ од 1.449.876 денари од пренесените приходи од минатата година). Вкупните реализирани приходи во делот на **блок дотациите** за 2024 година изнесуваат 611.464.689 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 14.225 денари од пренесените приходи од минатата година).

**Вкупните реализирани расходи** на Општина Аеродром за 2024 година изнесуваат 1.190.306.236 денари, што претставува 85,4% реализација во однос на вкупно планираните расходи.

Во делот на **основен буџет** реализираните расходи изнесуваат 506.855.445 денари, во делот на **блок дотациите**, вкупната реализација која се однесува на основните училишта и детските градинки на територијата на

Општина Аеродром вкупно изнесува 611.464.689 денари, реализацијата на расходите во делот на **донациите** изнесува 15.664.621 денари, додека реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачките активности**, изнесува 56.321.481 денари.

**ПРИЛОЗИ:**

- Биланси на приходи и расходи

# И З Ј А В А

Од Сунца Павловска, вработена во општинската администрација во Општина Аеродром, на работното место советник - одговорен сметководител.

Изјавувам дека податоците во завршната годишна сметка на Општина Аеродром за 2024 година, како и Годишниот извештај на Општина Аеродром за 2024 година се точни и веродостојни.

Советник – одговорен сметководител
Сунца Павловска

____________________

Датум:
25.02.2025 година